**Славиме три години од издавањето на првиот OneID сертификат**

Денеска, КИБС АД Скопје одбележува три години од издавањето на првиот OneID квалификуван сертификат под брендот KibsTrust. Со овој голем чекор во процесот на дигиталната трансформација во Република Македонија, компанијата го започна патот кон модернизација на услугите и ја отвори вратата за нови можности за граѓаните во користењето на дигитални услуги.

Во изминативе три години бројот на корисници на OneID стигна до 25.000, што претставува силна мрежа на партнерства со голем број банки, финансиски и осигурителни друштва, како и лизинг-компании и други релевантни субјекти. Ова е силна потврда дека процесот на едукација и воспоставување на основите за користење на електронски идентитет и потпишување на далечина е успешно комплетиран, а фазата на масовна примена е веќе реалност.

OneID е брза, зелена и безбедна алатка која значително го подобрува корисничкото искуство. Со OneID, корисникот може да се идентификува само со помош на мобилниот телефон и да добие лесен пристап до услугите во секое време и на секое место. OneID ги поедноставува авторизациите на банкарски сметки, осигурителни услуги и онлајн трансакции, а истовремено овозможува брзо креирање на договори и барања со дигитален потпис, без потреба од печатење или скенирање. Едноставно кажано, со OneID долгите редици и физичко присуство на шалтерите се веќе минато.